# Писмо



Тешко е да се смириш пред податокот дека еднаш те има, а еднаш те нема. И дека освен тоа појавување-исчезнување, ништо друго не можеш да фатиш со рака. Доживувањата коишто постојано треба да ги следиш со свеста, како дискретна камера, некој или нешто што е едноставно присутно, без трошка видливост. Можеби дух.

А во позадината, само една голема, една бесконечна ПОТРЕБА од љубов.
Целава планета всушност е во вид на крик, дупка којашто чека да биде пополнета со нежност.
Можеш ли сега да мислиш на дрвата, плевната, студот, зимата? Тешко, но сепак и тие мисли како коцки мраз понекогаш се топат во потсвеста, излегува и од нив по некој капка сол, се испилува мал попатен дијалог, меч за смислата и истото тоа без.
Тага, пријателу, како болка на која сме ѝ ставиле ракавици, за да не биде толку очигледна, испуканите капилари од солзи.
Во малиот град во планината се плетат приказни, се вкрстуваат реки, воздухот е убав. Некогаш застанувам на некој мост, и гледам... Брегалница, го рони коритото, сјае, којзнае зошто мора да истекува. ,Кажи нешто', ѝ велам. ,Или треба да молчиме. Ти зборуваш со јазикот на водата'.
Каков круг!
Could you believe this?

Премин, Рождество Христово 2004

Мојата мисла останува на површина. Којзнае дали воопшто ја има. А и длабочините, сега сето тоа ми изгледа бескрајно далеку...
Нуркањето, барањето на закопаните богатства... О, Господи, колку е сѐ изменето, ниту детството се смалува, ни староста... Јас живеам. Од што?
Го шетам малиот 6-месечен Дедал, германски овчар, покрај брегот, и се прашувам, јас ли сум Икар, или коњот што го чекаме да дојде од селото Босилево во долината? Тој тежи 19 кг радост и се плашам да го оставам повеќе од половина час сам, мислам дека е беспомошен во својата целосна отвореност за сѐ. Не смеам толку многу да размислувам за кучето. Но, ми се пикна под кожа, и очекувам секој миг да прозбори. Се сеќавам на една дефиниција дека човекот е микрокосмос. Во него спаѓаат и кучињата. И го чувствувам тоа, дека во мене има слончиња, крокодили, планини, карпи, потоци, острови, да не набројувам, како да е СЀ во мене. Тече низ малите крвни зрнца по мојата внатрешност, образува циклус од годишни времиња, ми го буди срцето, прави да стареам, втренчена во мисли, сонови, насетувања, глетки, широчини. Еј.

Можеби требаше да запловиме по Кораб, до албанската граница. Не ми се верува дека Македонија е толку неодредлива величина, како да не сака да добие име, тапија, деца, регистарски број... Можно ли е да немам татковина? На чија територија е катастарот и кој ги има тапиите? Историјата е потврда за човековата немоќ да најде мир самиот со себе и со другиот како него... Една долга приказна за непрекинатата војна, од почетокот до сега. Господи, помогни да се пронајдеме себеси. Веројатно не умеам да го протолкувам капакот на небото, што е всушност едно малечко око коешто ту трепка, ту намигнува расфрлајќи се со своите досетки низ милата вселена... Кој ли да сфати?

*Т. Куми*